Врз основа на член 79 став (3) точка 2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), како и член (17) од Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 179/19, 242/19, 49/20, 7/21, 146/21, 289/21, 281/22, 114/2023, 284/2023, 271/2024 и 88/25) а согласно член (19) став 1) точка 18 од Статутот на АД МЕПСО Скопје како и донесените Правила за набавка на aFRR балансен капацитет и aFRR балансна енергија за секундарна регулација УО бр. 02-5814/16 од 28.10.2019 година и УО бр. 02-7338/4 од 21.12.2021 година, Управниот одбор на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, со одлука УО бр. 02-2699/8 од 08.05.2025 година донесе Правила за набавка на mFRR балансен капацитет и mFRR балансна енергија за терциерна регулација и пречистениот текст на истите гласи:

# ПРАВИЛА

# ЗА

# НАБАВКА НА mFRR БАЛАНСЕН КАПАЦИТЕТ И mFRR БАЛАНСНА ЕНЕРГИЈАЗА ТЕРЦИЕРНА РЕГУЛАЦИЈА

## I. ВОВЕД

### Општо

### Член 1

(1) Согласно Законот за енергетика и Правилата за балансирање на ЕЕС, АД МЕПСО е одговорен за набавка на mFRR балансен капацитет и mFRR балансна енергија од Даватели на услуги за балансирање со цел да обезбеди оперативна сигурност, одржување на фреквенцијата и напонската стабилност на системот.

### Дефиниција

### Член 2

(1) Терциерна регулација (mFRR) наречена мануелна резерва за обновување на

фреквенцијата, т.е. резерва на активна моќност што може да се активира со уред за мануелна контрола за повторно враќање на фреквенцијата на системот на номинална вредност.

**Предмет на набавка**

**Член 3**

(1) Согласно овие Правила, ОЕПС спроведува месечни аукции за набавка на mFRR балансен капацитет за секој месец одделно, најмалку 15 денови пред првиот ден на испорака на месечниот продукт.Начин на реализација на аукциите за набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија

**Член 4**

(1) АД МЕПСО набавува mFRR балансен капацитет и енергија преку Интернет базирана платформа.
(2) BSPs поднесуваат понуди за mFRR балансен капацитет и енергија на платформа управувана од АД МЕПСО или на платформа на трета страна избрана од страна на АД МЕПСО.
(3) АД МЕПСО ги одредува спецификациите на електронската платформа, правилата за работење на платформата, комуникациски протоколи, и други технички карактеристики на платформата и ја објавува оваа информација на својата интернет страна.
(4) АД МЕПСО го набавува целиот mFRR балансен капацитет и енергија преку платформата. Во исклучителни случаи на технички проблеми АД МЕПСО ги прибира понудите со помош на други начини на комуникација, на пр. електронска пошта (e-mail).
(5) АД МЕПСО навреме ги информира сите регистрирани BSP за вакви исклучителни ситуации заедно со причините, преку e-mail и со објавување на информациите на својата интернет страна.

**Барање на АД МЕПСО до Генерален директор на АД МЕПСО**

**Член 5**

(1) Постапката за набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија за потребите на електроенергетскиот систем, започнува од страна на Операторот на Електропреносниот Систем (АД МЕПСО), со барање до Генералниот Директор на АД МЕПСО за одобрување на набавката. Барањето содржи:

- предмет на набавката,
- количини на набавката,
- планирани средства.

**Одлука за отпочнување на набавката на mFRR**

**Член 6**

(1) Врз основа на барањето, Генералниот Директор донесува Одлука за отпочнувањена набавката, во која ќе бидат наведени:

- предмет на набавката,
- количини на набавката,
- планирани средства.

**Набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија**

**Член 7**

(1) По Одлуката за отпочнување на набавката на mFRR балансен капацитет и балансна енергија, АД МЕПСО на својата интернет страна ги објавува потребните количини за набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија.

(2) ОЕПС спроведува месечни аукции за секој месец одделно, најмалку 15 денови пред првиот ден на испорака на месечниот продукт. Датумот и времето на извршување на аукцијата ОЕПС ќе го објави на својата интернет страна.

(3) BSP може да достави понуди за балансен капацитет како портфолио кои вкупно не ја надминуваат вредноста на квалификуваниот mFRR балансен капацитет на балансните единици во секој временски период.

(4) АД МЕПСО спроведува дневни аукции за обезбедување на mFRR балансна енергија.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО

**Даватели на услуги за балансирање**

**Член 8**

(1) Давателите на услуги за балансирање се смета дека се квалификувани за давање понуди за балансен капацитет и/или балансна енергија после потпишување на Договорот за даватели на услуги за балансирање и упис во Регистарот на даватели на услуги за балансирање.

(2) Со денот на уписот во Регистарот, BSP стекнува право за учество на аукции, односно има право да поднесува понуди за mFRR балансен капацитет и mFRR балансна енергија во рамките на капацитетот на неговите балансни единици кои се регистрирани за давање на mFRR балансна услуга.

(3) BSP не може да обезбеди од иста балансна единица истовремено mFRR и aFRR.

## III. ПРОДУКТИ НА АУКЦИИТЕ

### Стандарден продукт за mFRR балансен капацитет

### Член 9

(1) Стандарден продукт за mFRR балансен капацитет е часовен продукт со вредности исти или различни во двете насоки за секој период.

(2) ОЕПС може да одлучи да воведе дополнителни продукти за mFRR балансен капацитет во зависност од работењето и потребите на електроенергетскиот систем.

(3) Доставените количини за секој продукт се изразуваат во целобројна вредност во MW.

### Стандарден продукт за mFRR балансна енергија

### Член 10

(1) Стандарден продукт за mFRR балансна енергија е часовен продукт којшто еразличен за секоја насока и за секој период.

(2) BSP може да внесе неограничен број на понуди за бараната балансна енергија за mFRR во рамките на неговите технички можности.

(3) BSP не смее да ги поврзува понудите на техничко или економско ниво што може да поврзе различни понуди од балансните единици со кои управува за различни временски периоди што би биле меѓусебно зависни

(4)

### Техничките детали за активирање, времетраење и начинот на активирање на mFRR

### Член 11

(1) Согласно резултатите од дневната аукција за обезбедување на mFRR балансна енергија, BSP до АД МЕПСО доставува распоред за диспечирање на балансни единици кои ќе бидат вклучени во процесот на балансирање на електроенергетскиот систем со користење на mFRR за денот D, во денот

D-1 и истиот е конечен.

(2) mFRR се активира мануелно од страна на АД МЕПСО со доставување на барање до BSP со сите релеватни податоци за нејзино активирање.

(3) АД МЕПСО ја активира mFRR балансната енергија само од Листата на приоритетно подредување (мерит ордер листа):

- почнувајќи од понудите со најниска цена за балансна енергија за регулација нагоре се додека не се обезбеди потребната количина на балансна енергија, или

- почнувајќи од највисоката цена за балансна енергија за регулација надолу, се додека не се обезбеди потребната количина на балансна енергија.

(4) Во случај на технички потешкотии како резултат на неможност да се реализира активирање на балансна енергија, BSP испраќа известување и нов распоред за диспечирање на балансните единици со расположливи балансни единици кои се во можност да обезбедат mFRR балансна енергија до АД МЕПСО, еден час пред часот на активирање на балансната единица.

(5) Во исклучителни случаи, дефинирани, АД МЕПСО може да активира понуди за mFRR балансна енергија со помош на други начини за комуникација, а BSPs ќе ги следат инструкциите од АД МЕПСО.

**Доставување на понуди за mFRR балансен капацитет од страна на BSPs**

**Член 12**

(1) BSP на аукцијата за набавка на mFRR балансен капацитет доставува понуди како портфолио за количината и цената на mFRR балансен капацитет.

(2) Давателот на балансни услуги на аукцијата за набавка на mFRR балансен капацитет доставува понуди за mFRR балансен капацитет во следната форма:

**ISP, Насока (Нагоре/Надолу), Количина (MW), Цена за капацитет (€\MW).**

**Доставување на понуди за mFRR балансна енергија од страна на BSPs**

**Член 13**

(1) BSP за доставените понуди за обезбедување на mFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д, ги има следните можности:

1) да ги достави имињата на балансните единици со кои ќе го обезбеди закупениот mFRR балансен капацитет, количините на MW за секоја балансна единица соодветно и цените на балансна енергија, доколку се во рамките на минималните и максималните вредности за цена на mFRR балансна енергија дефинирани во став (4) од овој член – задолжителни понуди, или

2) да достави нови понуди со количини MW со кои ќе обезбеди mFRR балансна енергија надвор од вредноста на закупениот mFRR балансен капацитет и цена на mFRR балансна енергија која ќе е во рамките на минималните и максималните вредности дефинирани во став (4) од овој член. Во овој случај АД МЕПСО ќе му плати на BSP само за закупениот mFRR балансен капацитет – доброволни понуди.

(2) BSP кој не учествувал на аукцијата за набавка на mFRR балансен капацитет има право да достави доброволни понуди за mFRR балансна енергија кои ќе се во согласност со ограничувањата во став 4) од овој Член.

(3) Задолжителните и доброволните понуди на ДУБ кои учествувале или не учествувале на аукцијата за набавка на mFRR балансен капацитет ги доставуваат понудите во следната форма:

**ISP, Име на балансна единица, Насока (Нагоре/Надолу), Количина (MW), Цена за енергија (€\MWh).**

(4) Доставените понуди за mFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д треба да ги имаат следните вредности и тоа:

1) За регулација нагоре цената на mFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д, може да биде помала или еднаква на вредноста HUPX+30% за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market). Ако вредноста на HUPX постигната на DAM за соодветниот час е помала од вредноста по која универзалниот снабдувач ја купува електричната енергија од производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет, наместо HUPX +30% се зема вредност по која универзалниот снабдувач ја купува електричната енергија од производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет зголемена за +30%,

2) за регулација надолу цената на mFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д, за позитивни вредности на HUPX постигнати на DAM за соодветниот час може да биде поголема или еднаква од вредноста HUPX - 70% за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market). Ако вредноста на HUPX за соодветниот час во DAM

е пониска од 40 €/MWh, се зема HUPX–40 €/MWh за соодветниот час постигната во DAM,

3) за регулација надолу цената на mFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д, за негативна или нула вредност на HUPX постигната на DAM за соодветниот час, може да биде поголема или еднаква од вредноста HUPX-40 €/MWh за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market).

(5) ОЕПС има право да организира аукции за денот Д, во денот Д-2/Д-3, во услови на празници, викенди и сл.

(6) Во услови на одржани аукции за период поголем од Д-1 кога вредностите од став 4) од истиот член не се достапни, давателите на балансни услуги доставуваат понуди без ограничување на цената на балансна енергија и согласно тие цени се креира мерит ордер листа. Кога вредностите од став 4) се достапни и доколку цените за балансна енергија ги надминуваат истите, тие ќе бидат сведени на соодветните граници.

(7) Вредноста на доставените понуди за обезбедување на mFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д, на часовно ниво, мора да биде поголема или еднаква на -50 €/MWh. Доставените количини за секоја балансна единица се изразуваат во целобројна вредност во MWh.

(8) Цените за балансна енергија за регулација нагоре и регулација надолу може да бидат различни и треба бидат изразени во EUR/MWh, без ДДВ, заокружени на две децимални места.

## Временски период за доставување на понуди за mFRR балансен капацитет и mFRR балансна енергија

### Член 13

(1) BSPs можат да доставуваат понуди за mFRR балансен капацитет на платформата за аукција во временски период помеѓу време на започнување на доставување на понудите (овде понатаму како GOT) и време на завршување на доставување на понудите (овде понатаму како GCT), определен од страна на АД МЕПСО.

(2) BSPs можат да доставуваат понуди за mFRR балансна енергија на платформата за аукција во временски период помеѓу време на започнување на доставување на понудите (овде понатаму како GOTV) и време на завршување на доставување на понудите (овде понатаму како GCTV), определен од страна на АД МЕПСО.

(3) Времето на започнување на доставување на понудите GOT и GOTV и времето на завршување на доставување на понудите GCT и GCTV, АД МЕПСО ќе го објави на својата веб страна.

**Избор на понуди за балансен капацитет за mFRR**

**Член 14**

(1) АД МЕПСО ги избира понудите за mFRR балансен капацитет по критериум на најевтина понуда, во висина до вкупниот потребен mFRR балансен капацитет.

(2) Во случај на повеќе од една понуда со иста цена, прво се избира прво-доставената понуда.

**Избор на понуди за балансна енергија за mFRR**

**Член 15**

(1) АД МЕПСО ги избира понудите за mFRR балансна енергија согласно мерит ордер листите.

(2) Во мерит ордер листата понудите се подредуваат по следниот редослед,

1) За регулација нагоре: прво понудите со најниска цена, се додека не се обезбеди потребната количина на балансна енергија.

2) За регулација надолу: прво понудите со највисока цена, се додека не се обезбеди потребната количина на балансна енергија.

(3) Прифаќањето на понудите за mFRR балансната енергија ќе биде согласно мерит ордер листите.

1) понудите за балансна енергија за регулација нагоре и регулација надолу ќе бидат одвоени во различни мерит ордер листи,
2) во зависност од барањето за стандардни продукти за балансна енергија, АД МЕПСО може да направи повеќе мерит ордер листи.

(4) Во случај на повеќе од една понуда со иста цена, прво се подредува прво-доставената понуда.

**Одлука за избор**

**Член 16**

(1) Врз основа на изготвен извештај за спроведената аукција за mFRR балансен

капацитет, Генералниот директор донесува одлука за избор на најповолен понудувач, или одлука за поништување на постапката.

**Објавување резултати**

**Член 17**

(1) АД МЕПСО ги информира BSPs за резултатите од аукцијата преку платформата и/или во електронска форма (e-mail).

**Приговор од страна на BSPs**

**Член 18**

(1) Секој BSP кој има правен интерес за добивање на Договорот за набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија и има забелешки за направени пропусти или грешки во реализацијата на аукцијата и не е задоволен од донесената одлука за избор на најповолен понудувач може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропустите за преземање дејствија по пат на жалба доставена до Управниот Одбор на АД МЕПСО во рок од 2 (два) календарски дена од денот на приемот на известувањето за избор на најповолен понудувач, со доставување на жалбата лично или по пошта, со јасно и прецизно образложени причини за истата. Управниот одбор по жалбата на понудувачот одлучува во рок од 2 (два) дена, сметано од денот на приемот на жалбата.

(2) Понудувачот кој не е задоволен од одлуката на Управниот одбор на АД МЕПСО може во рок од 2 (два) дена, сметано од денот на приемот на одлуката која ја донелУправниот одбор на АД МЕПСО да иницира спор пред Регулаторната комисија за енергетика која го решава спорот според процедурата за решавање на спорови.

(3)

(4) Постапката за иницирање на спор пред РКЕ не го одложува потпишувањето на договорот помеѓу АД МЕПСО и најповолниот понудувач избран од страна на АД МЕПСО.

**Потпишување Договор за набавка на mFRR балансен капацитет и балансна енергија**

**Член 19**

(1) АД МЕПСО е должен да потпише договор со понудувачот/понудувачите кои сеизбрани како најповолни.

## Член 20

(1) Финансиско порамнување за набавениот балансен капацитет и активираната балансна енергија ќе се реализира согласно Член 45 и Член 46 од Правилата за балансирање на ЕЕС.

## Извештај до РКЕВУ

## Член 21

(1) АД МЕПСО е должен да достави извештај до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за спроведената набавка на mFRR балансен капацитет и mFRR балансна енергија во рок од 5 дена од потпишување на договорот.

## Член 22

(1) Овие правила стапуваат на сила од 1 јуни 2025 година.

**Прилог 1: Модел на Договор за набавка на mFRR балансен капацитет и mFRR балансна енергија**